владувањето со Константинопол и теснините. Но, наместо да продолжи со настапувањето кон Константинопол, командантот на балканскиот фронт добил наредба да заклучи мир. На 2 (14) септември 1829 година, мирот бил заклучен во Едрене.

Овој мир, всушност, претставува пресвртница во определувањето на стратешките цели на Русија по однос на Турција. Врз основа на длабоки анализи на посебен комитет, составен од најдоверени лица на императорот, Русија се откажува привремено од, до тогаш истакнуваните цели — изгонувањето на Турција од Балканскиот Полуостров.

**Д-р Б. М.**

## ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ВО НОБ — 1945 ГОД. Том II, 1973 год., с. 491

Во издание на Архивот на Македонија и под редакција на Ристо Кирјазовски и Тодор Симовски неодамна излезе од печат и II-от том на Зборникот од едицијата „Егејска Македонија во НОБ“. Зборникот содржи документи за учеството на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија во граѓанската војна во Грција.

Томот е поделен на два дела. Првиот дел содржи 241 документ и го опфаќа периодот од 1 јануари до крајот на декември 1945 година. Јазикот на кој се пишувани документите е македонски, односно костурски, лерински, воденски дијалект. Има и документи кои се преведени од грчки јазик. Во вториот дел се поместени факсимилите на 210 документи. Начинот на изнесувањето е хронолошки, а уште во почетокот на Зборникот, Редакцијата дава куса содржина на сите документи со што се добива поголема прегледност.

Според ова, може да се констатира дека поголемиот дел од документите се извештаи, информации од месни, реонски, срески и обласни органи на НОФ од Егејска Македонија, во кои се изнесува теророт вршен над македонското население од страна на грчките вооружени банди, на воените и полициски власти. Покрај ова, значајно место во Зборникот заземаат протестните писма доставени до дипломатските претставници на земјите сојузници од страна на ЕАМ (Национален ослободителен фронт) и КПГ во врска со теророт и неспроведувањето во дело договорот потпишан во Варкиза (12 февруари 1945 година) од страна на Владата.

Од преписката, која исто така е застапена во Зборникот, водена меѓу кадрите на НОФ и други значајни личности се добива јасна слика за ставовите кон македонското национално прашање. Овој проблем може да се согледа и од прогласите на КПГ и ЕАМ до македонскиот народ од Егејска Македонија, кои ја осудуваат дејноста на НОФ како противречна на линијата трасирана од КПГ. Ваквиот став на Партијата во однос на македонската организација произлегува и од општиот став на КПГ која стоеше на становиште сите внатрешни проблеми да се

решат на мирољубив начин и мирно да се чека на спроведувањето на договорот во Варкиза. Иако ваквиот став на Партијата беше наложен од објективни причини, сепак реакцијата не водеше никаква сметка за да се спроведат во дело сите точки од договорот, туку напротив почна да врши масовен терор и да ги прогонува комунистите. Затоа НОФ наидува на препреки во својата работа од страна на некои раководители на КПГ кои беа против секаков отпор на било каков напад на реакцијата.

Општо земено, тешката состојба, создадена во Егејска Македонија непосредно по Втората светска војна, може да се согледа и од низа други документи поместени во Зборникот: изјави, билтени, списоци, записници и сл. Оригиналноста на документите, врз кои не е извршена никаква содржинска корекција, се наметнува лесно кај читателот и го поттикнува да бара во нив вистини за трагичната судбина на Македонците од Егејска Македонија. Во ова најмногу помагаат извештаите, информациите, писмата и сл. на кадрите на НОФ кои отворено и вистинито ја регистрираат тешката состојба во 1945 година.

Од многу документи јасно се гледа дека македонскиот народ од Егејска Македонија во оваа година (таквата ситуација ќе следи и понатаму) беше ставен меѓу повеќе зла. Од една страна беа клеветите на реакцијата која настојуваше да всади што поголема омраза меѓу Македонците и Грците, а од друга страна беа терористичките банди кои немилосрдно го ограбуваа македонското население. Меѓу таквите банди чести беа и оние на маџирите (доселеници од Мала Азија) кои станаа верни слуги на реакцијата. Од извештаите на месните одбори на НОФ, како и од изјавите на самите селани, се гледа до каде пљачкашите можеа да стигнат. Многубројни се случаевите кога на луѓето им се ограбуваа цели имоти од куќите, оставајќи ги без никаква егзистенција за живот. Ова беше еден од начините за присилно да ги натераат Македонците да ја напуштат својата земја.

Прогонувањата, тепањата, апсењата, тормозењата и убиствата на комунистите, демократите, борците на ЕЛАС секојдневно стануваа сè почести. Особено беше тешка состојбата за Македонците зашто беше доволно да се изјави дека си Македонец па да бидеш претепан до бесознание. Македонците беа најсвирепо тормозени, понижувани, навредувани иако рамо до рамо со грчкиот народ се бореа против окупаторот за слободата на Грција.

Од извештаите на Главното раководство на НОФ може да се сознае кон што се стремеше политиката на Владата. Во нив е изнесена политичката и воената положба во Егејска Македонија, особено по договорот во Варкиза, кога силите на ЕЛАС го предадоа оружјето. По ваквиот чин немаше вооружена сила која би ѝ се спротивставила на реакцијата во терористичкиот поход, што почна систематски да го спроведува со цел да го скрши демократското настроение кај народот и да ја доведе во земјата пак монархијата.

НОФ, особено преку своите прогласи, настојуваше да ја обе-

лодени, не само пред македонскиот туку и пред грчкиот народ, политиката на реакционерната влада, откривајќи ги истовремено соработниците на окупаторот, кои место да бидат осудени заседоа такви државни позиции од каде што можеа да спроведуваат исти мерки како за време на окупацијата. Македонската организација, која била окарактеризирана како автономистичка, иако работи под многу тешки услови, сè повеќе ја проширува својата дејност и од извештаите за организационата состојба се гледа колку се раширија нејзините корени. Македонскиот народ го чувствуваше НОФ како своја верна и правична организација и затоа членството секојдневно растеше.

Низ документите, изнесени во овој том се чувствува и будноста на НОФ (основана на 23 април 1945 година) кон сè она што се случуваше во овој период. Затоа многубројни се таквите документи преку кои месните, реонските, среските, обласните и Главниот одбор на НОФ, реално ја регистрираат состојбата, особено теророт кој заземаше сè пошироки размери ширум цела Егејска Македонија.

Од документите се добива јасна слика дека една од основните цели на реакцијата беше да го истера македонското население од родната земја и да го збрише словенското обележје на македонската територија за да ја реализира таа цел, во своите постапки, таа не бираше средства и начини.

Покрај цврстината и желбата да се биде единствен во борбата против нападите на непријателот во организацијата НОФ, како што тоа се гледа и од некои излагања, изјави и сл., има појави на недоразбирање и меѓусебно обвинување на кадрите. Иако ова не е суштинска грешка, сепак ќе се одрази и во понатамошните односи во организацијата.

Целосно земено, документите од II-от том на Зборникот даваат една целина и откриваат една немирна состојба во Грција и Егејска Македонија во текот на 1945 година која ни најавува почетоци на граѓанската војна во Грција.

**Ф. Б.**

**Андреј Митровиќ — ВРЕМЕ НЕТРПЕЉИВИХ — ПОЛИТИЧКА ИСТОРИЈА ВЕЛИКИХ ДРЖАВА ЕВРОПЕ 1919—1939, Београд 1974, 621.**

Неодамна нашата историска наука се здоби со уште една вредна публикација, со книгата на Андреј Митровиќ „Време нетрпељивих", која ја обработува политичката историја на Големите сили по Првата светска војна.

Авторот во книгата се зафатил со еден многу важен период, полн со многубројни настани, што беа причина за почеток на Втората светска војна. Врвно место во овој период е појавата на авторитетниот национализам и доаѓањето на Адолф Хитлер на власт, подемот на фашизмот во периодот од 1919 до 1939 година и неговиот крах од 1939 до 1945 година.

Видно место во настаните зазема создавањето на СССР како прва социјалистичка земја и настаните што се случија во Франција,